РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

11-3666/1
24-07-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 41-а став 8 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на прво продолжение на 89–та седница одржана на 20.07.2023 година го усвои следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
за антикорупциска проверка на
одредбите на Законот за игрите на среќа и забавните игри
(конкретно за регулирање на исплатата во готовина)

**Наслов:**
Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија„ бр.24/2011, 51/2011, 132/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 156/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016, 178/2016 и 90/2017).

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**
По сопствена иницијатива, врз основ на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019), а во врска со Одлука бр.09-3091/1 од 47-та седница на ДКСК одржана на 09.04.2021 година.

Област: Финансии

**Генерална оценка**

1. **Осврт на барањето :**
Со Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија„ бр.24/2011, 51/2011, 132/2011, 148/2011, 74/2012, 171./2012, 27/2014, 139/2014, 156/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016, 178/2016 и 90/2017) се уредуваат видовите, условите и начинот на приредување на игрите на среќа и забавните игри. Законот за игрите на среќа и за забавните игри претставува закон со кој lex specialis се уредува материјата од областа на игрите на среќа и истовремено исклучиво со овој закон се уредуваат правата и обврските на субјектите кои сакаат да стекнат права во согласност со одредбите од овој закон.

2. **Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:
   - Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019);
   - Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2019);
   - Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015 и бр.65/2018);
   - Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019).

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од споменатиот закон, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Државната комисија за спречување на корупција, по извршената анализа и оценка на легислативата на одредбите со кои се регулира начинот на исплата на паричните добивки согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри **член 14** став (2),(7), **член 29** став (1), **член 31** став (1) точка 11, **член 32, член 53** став (1) точка 10, **член 49, член 53** став (1), точка 10, **член 62, член 63** став (1) точка 5, **член 77, член 78** став (1) точка 6,7, **член 91, член 92** став (1) точка 8, **член 126** став (1) точка 12 и став 2, **член 130** став (1) ,(2), **член 132** став (1) точка 9, **член 134** став (1), **член 148** став 2), **наиде на постоење на регулаторни ризици од корупција.**

**Образложение**

Државната комисија за спречување на корупцијата, по сопствена иницијатива, а врз основа на Одлука бр.09-3091/1 од 47-та седница на ДКСК одржана на 09.04.2021 година, спроведе антикорупциска проверка на одредбите со кои се регулира начинот на исплата на паричните добивки, согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри .

По спроведената антикорупциска проверка на спомeнатите одредби, Државната комисија констатираше дека горенаведените одредби од законот може да продуцираат регулаторни ризици за корупција, поради што го донесе спомeнатиот заклучок.

Имено, со член 14 од Законот се наведува дека секоја игра на среќа има правила, а казината има и правилник, **кои правила односно правилник, ги донесува приредувачот на игри на среќа.** Истите треба да бидат истакнати на видно место во просторот каде што се приредуваат игрите на среќа и да бидат достапни за учесниците на игри на среќа.

Со став (7) од истиот член се предвидува дека Министерството за финансии дава согласност на правилата на игрите на среќа и на правилниците на казината.

Со член 15 став (1), се уредува прашањето за добивките од игрите на среќа, кои можат да бидат во пари, предмети и права, без да се регулира за кој вид игри на среќа и каков вид на добивка следи.

Со член 29 став (1), се наведува дека правилата на одделната лотариска игра на среќа ги донесува приредувачот на играта на среќа, а се применуваат по претходно добиена согласност од Министерството за финансии.

Со таканаречените, правила на игрите на среќа, се уредува и начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид.

Начинот на исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид за следниве видови игри на среќа: лотариски игри, електронски игри на среќа, посебни игри на среќа, игри на среќа во обложувалница, игри на среќа во автомат клуб, наградни игри и интерактивни игри на среќа, е уредена со член 31 став (1) точка 11, член 32, член 53 став (1) точка 10, член 53 став (1), точка 10, член 63 став (1) точка 5, член 78 став (1) точка 6,7, член 92 став 1 точка 8, член 126 став (1) точка 12, член 132 став (1) точка 9 и член 148 став (2).

Анализирајќи ги сите горенаведени членови од законот, со кои се уредува начинот на исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид, заедничко за секој од видовите на игри на среќа и забавни игри, е фактот дека ваквата законска регулатива, претставува ризик од корупција, односно истите се недоволно јасни и не се прецизно уредени, односно остава простор прашањето во врска со исплатата

на добивките да се уреди или прецизира со интерен акт на приредувачите на игрите на срека, наречен **Правила на игра**.

Законот им дава дискрецино право на приредувачите на игри на среќа сами да ги донесат правилата на игри на срека, во кои правила меѓу другото треба да наведат и начин на исплата на добивките.

Во однос на донесувања на правилата на игрите на среќа и забавните игри може да се забележи нецелосно дефинирани процедури како и недефинирани фази за исполнување на процедурите. Воедно се забележува и недостаток од превентивни механизми, заради што неспорна е потребата од јасна и дефинирана постапка за начинот и видот на исплата на добивките во самиот закон, а не ова прашање да се уреди со акт донесен од приредувачите на игри на среќа.

Министерството за финансии дава согласност на правилата на игрите на среќа, но не е дефиниран рокот, како и правните последици од недавањето на согласноста, заради што се констатира дека има правна празнина која може да доведе до појавата позната како молчење на администрација.

**Заклучоци и препораки**

Државната комисија за спречување на корупцијата, при спроведената анализа и проверка на горенаведените одредби, заклучи дека е потребно да се преземат чекори за надминување на оваа констатирана состојба во насока на:

-прецизирање на одредбите за исплата на добивките од игри на срека и забавни игри со тоа што ќе се регулира со закон за секој вид игра на среќа и забавна игра и начинот на исплата на добивката, а не да се уреди со таканаречените Правила на игра, кои согласно овој закон ги донесуваат самите приредувачи на игрите на срека и забавни игри.

- уредување на постапката за добивање согласност од Министерството за финансии во однос на Правилата на игри на среќа.

Според горенаведеното произлегува дека заради уредување на овие прашања е неопходна измена и дополнување на Закон за игрите на среќа и забавните игри, при што се препорачува при изготвувањето на таквите измени и дополнувања да бидат вклучени и претставници од надлежните институции.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

**Изработил, м-р. Арта Сали, Р.О**
**Одобрил, Владимир Георгиев, член на ДКСК**

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk